# **ЗАПИСНИК**
## **од единаесеттата седница на Совет на општина Гевгелија одржана на 13.04.2018 година**

На единаесеттата седница на Советот на општината што се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 18 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: Сашо Поцков-Градоначалник на општина Гевгелија, Катарина Карајанова вработена во општината, Ристо Чевчиев претставник од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, Весна Хаџикојчева вработена во општината, Димитар Дојчинов вработен во општината, Ирена Томчева вработена во општината и Станка Карајанова вработена во општината.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет Ташко Дојчинов ја отвори единаесеттата Седница на Совет на општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од десеттата седница одржана на **15.03.2018.**

**Ристо Камов член на Совет** –Даде забелешка до администрацијата да го воспостави теркот во поскратено пишување на дискусиите како не би дошло до испревртување на смислата на реченицата.

Претседателот го стави на гласање записникот од десеттата седница и **Советот едногласно го усвои .**

За работа на единаесеттата седница на Совет ,е предложен следниот

## **ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Одлука за давање согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Југоисточниот развоен плански регион од страна на Владата на РМ,
2. Предлог-Одлука за одобрување на поднесување на предлог – проектот „Одржлив развој на туризмот преку заеднички интегриран прекуграничен пристап" за учество на Втор повик за проектни предлози на Интеррег-ИПА Програма за прекугранична соработка Р.Бугарија-Р.Македонија 2014-2020, бр.:2014TC16 I5CB006-2018-2"

3.Предлог-Одлука за одобрување на поднесување на предлог – проектот „Зголемување на иновациите и одржливоста во заштитените подрачја" за учество на Втор повик за проектни предлози на Интеррег-ИПА Програма за прекугранична соработка Р.Бугарија-Р.Македонија 2014-2020, бр.:2014TC16I 5CB006-2018-2"
4.Предлог-Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2017 година,
5.Предлог-Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2015-2019г. за 2017 година,
6.Предлог-Годишен план за вработување во општина Гевгелија за 2019 година,
7.Предлог-Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2017 година,
8.Предлог-Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2017 година,
9.Предлог-Извештај за реализација на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2017 година,
10.Предлог-Извештај за реализација на Годишната програма за отуѓување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2017 година,
11.Предлог-Извештај за реализација на Програмата за финансирање на спортски активности во општина Гевгелија за 2017 година,
12.Предлог-Извештај за реализација на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2017 година,
13.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП бр.418/1 КО Конско (барател: Живко Алчинов од Гевгелија),
14.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП бр.591 КО Габрово (барател: Драган Танов од Валандово),
15.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП бр.656 КО Конско (баратели: Ристо Ѓошев и Билјана Ќаевска од Гевгелија),
16.Предлог-Одлука за утврдување потреба од измена на намената на урбанистичко-планска документација (ГУП на Гевгелија) за КП бр.7517/1 КО Гевгелија (барател: Никола Ристовски од Гевгелија),
17.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на локална урбанистичко-планска документација за КП бр.652/1 КО Негорци (барател: Ѓорге Баламов од с.Негорци),
18.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на локална урбанистичко-планска документација за КП бр.227/5 КО Ново Конско (барател: Перо Ковачев од Гевгелија),
19.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП бр.1158 КО Хума (барател: Ѓорге Танов од Богородица),

20.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП бр.534/3 КО Давидово (барател: Звонко Лазаровски од с.Давидово),
21.Предлог-Одлука за утврдување потреба од измена на намената на урбанистичко-планска документација (ГУП на Гевгелија) за КП бр.7517/1 КО Гевгелија (барател: Јован Јовановски од Гевгелија),
22.Предлог-Решение за давање согласност на Предлог-Статутарната Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија,
23.Предлог-Решение за давање согласност на Предлог-Годишниот план за вработување на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2019 година.
Дополнително е доставена точката:

- Предлог-Решение за разрешување на член на управниот одбор на ЈПГД Комуналец Гевгелија.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** отвори претрес по предложениот дневен ред:

**Ристо Ѓоргиев член на Совет** - даде забелешка дека и покрај тоа што побарале од службите на оваа седница да се стави на дневен ред точка за укинување на наплатата за прочистителната станица не е ставена на дневен ред и советникот бара да се стави оваа точка на дневен ред и да се поништи одлуката која е донесена на некоја од претходните седници.

**Сашо Поцков Градоначалник на општината** - даде образложение во однос на оваа барање на советникот за донесување на одлука за укинување на наплатата за прочестителната станица. Градоначалникот објасни дека со новите законски измени Регулаторната комисија е надлежна за формирање на цени на водата во општините. Комуналното претпријатие во септември 2017 година ги доставил сите потребни податоци до оваа комисија и тие врз база на овие доставени податоци дадоа предлог за цена на водата во која од страна на Советот се избра најниската цена и не се изврши покачување на водата.Во однос на цената за оддржување на прочистителната станица за формирање на оваа цена исто така предлог даде Регулаторната комисија и Советот ја избра најниската предложена цена од 13 денари .Градоначалникот објасни дека никој не би посакал покачување на цената на водата но во случај ако до 31 декември Советот не донел одлука која предложена цена ќе ја избира тогаш Регулаторна комисија сама ќе ја определи цената и облигаторно ќе ја задожи општината да ја прифати. Голема беше веројатноста да се определи од нивна страна повисока а не како што е сега избрана најниската предложена цена па токму поради тоа се презеде таков чекор за да се заштитат граѓаните . Законот дозволува на секои шест месеци да се менува цената па во овој период согледувајки ги потребите на комуналното претпријатие и потребните финансии за оддржување на прочистителната станица ќе се поднесат до Регулаторна комисија сите податоци

и врз база на тие  податоци после шест месеци регулаторна ќе предложи нова цени која се надеваме дека ќе биде значително пониска од оваа.

**Ристо Ѓоргиев член на Совет** - Смета дека потребните трошоци за одржување на прочестителната станица пресметено изнесуваат 3 денари по кубик и токму поради овие изнесени податоци бараат веднаш да се донесе одлука за намалување на цената .

**Андон Сарамандов член на Совет**-даде забелешка дека донесувањето на одлуката за цената за одржување на прочестителната станица е избрзана и требало да се согледат сите параметри и смета дека има простор оваа цена да се корегира .

**Ташко Дојчинов претседател на Совет**-ги предупреди советниците да не влегуваат во материална расправа и да не расправаат по точки кои не се на дневен ред.

**Тодор Ристов член на Совет**-како кординатор на советничката група на СДСМ го искажа заедничкиот став дека нема да биде прифатено барањето да се стави точка на дневен ред за намалување на цената бидејќи право  да се менува цената  е на секои шест месеци .

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави на гласање предлогот на советникот Ристо Ѓоргиев за поставување на нова точка на дневен ред која гласи "Предлог-Одлука за укинување на одлуката за утврдување на цени за прочистување на отпадни води на ЈПКД Комуналец Гевгелија за 2018 година" која е донесена на шестата седница  и **Советот со 7 гласа "за" , 10 воздржани и 1 не гласал не го усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави дневниот ред на гласање и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 1. Предлог-Одлука за давање согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Југоисточниот развоен плански регион од страна на Владата на РМ.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за давање согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Југоисточниот развоен плански регион од страна на Владата на РМ.

Во претресот по оваа точка  учествуваа:**Ангелинка Петкова,Ристо Камов,Тихомир Ручкоманов,Магдалена Делковска,Андон Сарамандов,Тодор Ристов,Трајче Арџанлиев-членови на Совет,Сашо Поцков градоначалник на општина Гевгелија.**

По завршувањето на претресот  претседателот  на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за давање согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Југоисточниот развоен плански регион од страна на Владата на РМ и **Советот  со 11 гласа  "за ",6 против и 1 "воздржан " ја  усвои.**

**Точка 2. Предлог-Одлука за одобрување на поднесување на предлог – проектот „Одржлив развој на туризмот преку заеднички интегриран прекуграничен пристап" за учество на Втор повик за проектни предлози на Интеррег-ИПА Програма за прекугранична соработка Р.Бугарија-Р.Македонија 2014-2020, бр.:2014TC16 I5CB006-2018-2".**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за одобрување на поднесување на предлог – проектот „Одржлив развој на туризмот преку заеднички интегриран прекуграничен пристап" за учество на Втор повик за проектни предлози на Интеррег-ИПА Програма за прекугранична соработка Р.Бугарија-Р.Македонија 2014-2020, бр.:2014TC16 I5CB006-2018-2".

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Катарина Карајанова вработена во општината,Марија Магдинчева Шопова,Ристо Ѓоргиев,Тихомир Ручкоманов -членови на Совет**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за одобрување на поднесување на предлог – проектот „Одржлив развој на туризмот преку заеднички интегриран прекуграничен пристап" за учество на Втор повик за проектни предлози на Интеррег-ИПА Програма за прекугранична соработка Р.Бугарија-Р.Македонија 2014-2020, бр.:2014TC16 I5CB006-2018-2" и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 3. Предлог-Одлука за одобрување на поднесување на предлог – проектот „Зголемување на иновациите и одржливоста во заштитените подрачја" за учество на Втор повик за проектни предлози на Интеррег-ИПА Програма за прекугранична соработка Р.Бугарија-Р.Македонија 2014-2020, бр.:2014TC16I 5CB006-2018-2".**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за одобрување на поднесување на предлог – проектот „Зголемување на иновациите и одржливоста во заштитените подрачја" за учество на Втор повик за проектни предлози на Интеррег-ИПА Програма за прекугранична соработка Р.Бугарија-Р.Македонија 2014-2020, бр.:2014TC16I 5CB006-2018-2".

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Катарина Карајанова вработена во општината,Ристо Ѓоргиев, Тихомир Ручкоманов,Тодор Ристов,Ристо Камов,Виктор Кралев,Магдалена Делковска,Игор Илков-членови на Совет**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за одобрување на поднесување на предлог – проектот „Зголемување на иновациите и одржливоста во заштитените подрачја" за учество на Втор повик за проектни предлози на Интеррег-ИПА Програма за прекугранична соработка Р.Бугарија-Р.Македонија 2014-2020, бр.:2014TC16I 5CB006-2018-2" и **Советот со 11 гласа "за ",1 против и 5 "воздржани " ја усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** предложи по точките 4 и 5 да се расправа заедно а да се гласа поединечно и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 4. Предлог-Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по точките 4 и 5.

Во претресот по овие точки учествуваа: **Ристо Чевчиев претставник од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион ,Магдалена Делковска,Тодор Ристов -членови на Совет**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Годишениот извештај за работата на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2017 година и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 5. Предлог-Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2015-2019г. за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2015-2019г. за 2017 година.

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2015-2019г. за 2017 година и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 6. Предлог-Годишен план за вработување во општина Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишниот план за вработување во општина Гевгелија за 2019 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Весна Хаџикојчева вработена во општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Годишниот план за вработување во општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 16 гласа "за " го усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** предложи по точките 7 и 8 да се расправа заедно а да се гласа поединечно и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 7. Предлог-Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2017 година

Во претресот по точките 7 и 8 учествуваа: **Димитар Дојчинов вработен во општината,Магдалена Делковска,Тихомир Ручкоманов,Ристо Камов,Тодор Ристов, –членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2017 година и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 8. Предлог-Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2017 година.

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2017 година и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 9. Предлог-Извештај за реализација на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Извештајот за реализација на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2017 година

Во претресот по точката учествуваа: **Ирена Томчева вработена во општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Извештајот за реализација на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2017 година и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 10. Предлог-Извештај за реализација на Годишната програма за отуѓување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Извештајот за реализација на Годишната програма за отуѓување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2017 година

Во претресот по точката учествуваа: **Станка Карајанова вработена во општината, Тихомир Ручкоманов членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Извештајот за реализација на Годишната програма за отуѓување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2017 година и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 11. Предлог-Извештај за реализација на Програмата за финансирање на спортски активности во општина Гевгелија за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на спортски активности во општина Гевгелија за 2017 година

Во претресот по точката учествуваа: **Тодор Ристов,Магдалена Делковска-членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на спортски активности во општина Гевгелија за 2017 година и **Советот со 15 гласа "за" и 1 воздржан го усвои.**

**Точка 12. Предлог-Извештај за реализација на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2017 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Снежана Ташевски член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2017 година и **Советот со 15 гласа "за" и 1 воздржан го усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** предложи по точките 13 до 21 да се расправа заедно а да се гласа поединечно и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 13. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП бр.418/1 КО Конско (барател: Живко Алчинов од Гевгелија).**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП бр.418/1 КО Конско (барател: Живко Алчинов од Гевгелија).

Во претресот по точките од 13 до 21 учествуваа:**Станка Карајанова вработена во општината ,Тодор Ристов,Ристо Камов –членови на Совет**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП бр.418/1 КО Конско (барател: Живко Алчинов од Гевгелија), и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 14. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП бр.591 КО Габрово (барател: Драган Танов од Валандово).**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП бр.591 КО Габрово (барател: Драган Танов од Валандово),

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП бр.591 КО Габрово (барател: Драган Танов од Валандово) и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 15. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП бр.656 КО Конско (баратели: Ристо Ѓошев и Билјана Ќаевска од Гевгелија).**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП бр.656 КО Конско (баратели: Ристо Ѓошев и Билјана Ќаевска од Гевгелија),

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП бр.656 КО Конско (баратели: Ристо Ѓошев и Билјана Ќаевска од Гевгелија) и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 16. Предлог-Одлука за утврдување потреба од измена на намената на урбанистичко-планска документација (ГУП на Гевгелија) за КП бр.7517/1 КО Гевгелија (барател: Никола Ристовски од Гевгелија).**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за утврдување потреба од измена на намената на урбанистичко-планска документација (ГУП на

Гевгелија) за КП бр.7517/1 КО Гевгелија (барател: Никола Ристовски од Гевгелија),

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од измена на намената на урбанистичко-планска документација (ГУП на Гевгелија) за КП бр.7517/1 КО Гевгелија (барател: Никола Ристовски од Гевгелија),и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 17. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на локална урбанистичко-планска документација за КП бр.652/1 КО Негорци (барател: Ѓорге Баламов од с.Негорци).**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на локална урбанистичко-планска документација за КП бр.652/1 КО Негорци (барател: Ѓорге Баламов од с.Негорци).

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на локална урбанистичко-планска документација за КП бр.652/1 КО Негорци (барател: Ѓорге Баламов од с.Негорци) и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 18. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на локална урбанистичко-планска документација за КП бр.227/5 КО Ново Конско (барател: Перо Ковачев од Гевгелија).**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на локална урбанистичко-планска документација за КП бр.227/5 КО Ново Конско (барател: Перо Ковачев од Гевгелија).

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на локална урбанистичко-планска документација за КП бр.227/5 КО Ново Конско (барател: Перо Ковачев од Гевгелија) и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 19. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП бр.1158 КО Хума (барател: Ѓорге Танов од Богородица).**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП бр.1158 КО Хума (барател: Ѓорге Танов од Богородица).

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП бр.1158 КО Хума (барател: Ѓорге Танов од Богородица) и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 20. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП бр.534/3 КО Давидово (барател: Звонко Лазаровски од с.Давидово),**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП бр.534/3 КО Давидово (барател: Звонко Лазаровски од с.Давидово),

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП бр.534/3 КО Давидово (барател: Звонко Лазаровски од с.Давидово) и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 21. Предлог-Одлука за утврдување потреба од измена на намената на урбанистичко-планска документација (ГУП на Гевгелија) за КП бр.7517/1 КО Гевгелија (барател: Јован Јовановски од Гевгелија).**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за утврдување потреба од измена на намената на урбанистичко-планска документација (ГУП на Гевгелија) за КП бр.7517/1 КО Гевгелија (барател: Јован Јовановски од Гевгелија)

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од измена на намената на урбанистичко-планска документација (ГУП на Гевгелија) за КП бр.7517/1 КО Гевгелија (барател: Јован Јовановски од Гевгелија) и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 22. Предлог-Решение за давање согласност на Предлог-Статутарната Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Предлог-Статутарната Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Предлог-Статутарната Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 23. Предлог-Решение за давање согласност на Предлог-Годишниот план за вработување на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Предлог-Годишниот план за вработување на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2019 година

Во претресот по точката учествуваа: **Ристо Камов член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Предлог-Годишниот план за вработување на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2019 година и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 24. Предлог-Решение за разрешување на член на управниот одбор на ЈПГД Комуналец Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за разрешување на член на управниот одбор на ЈПГД Комуналец Гевгелија.

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување на член на управниот одбор на ЈПГД Комуналец Гевгелија и **Советот едногласно го усвои.**

**Советничко прашање**

**Игор Илков член на Совет** -"почитуван градоначалник согласно законот за води и АД Водостопанство на Македонија управувањето со системите за наводнување согласно одлуката на Владата на РМ е доделена на земјоделска задруги во Негорци .Тоа е извршено на 18 .01.2018 година значи потпишан е договор со земјоделската задруга Напредок од Негорци по што се овластени да го користат и да управуваат со системот .Меѓутоа спорно е тоа што земјоделската задруга се повикува на договор кој според нив им е даден од страна на градоначалникот по основ одлука на влада и доставуваат фактури до земјоделците за 2017 година и ги условуваат дека мора да ги подмират тие фактури за да можат да склучат договори за 2018 година .Дали вие како градоначалник на усмен или писмен начин сте ја овластиле земјоделската задруга Напредог од Негорци да управува со системот за наводнување и да врши наплата за вода од 2017 година?"

**Сашо Поцков Градоначалник – "**Не е укажано ниту јас сум бил градоначалник во моментот кога е спорен периодот за кој се фактурира .Точно е дека сум градоначалник од 25 октомври и датата 18.01 од кога е потпишан договорот се совпаѓа со мојот мандат на извршување на функцијата меѓутоа лично од моја страна ниту има дадена усмена согласност ниту пак има ингиренции градоначалникот да поставува такви услови .Се што не е во согласност со законот се што е на штета на корисниците на водните услуги и јас апелирам од оваа говорница да биде санкционирано законски."

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Ташко Дојчинов**